# ЗЕЛС | BNJVL

ГЛАСИЛО | GAZETË

Октомври / Tetor 2013

**ГЛАСИЛО**
ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**GAZETË**
BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË



## ДОДЕЛЕНИ ПРВИТЕ СЕРТИФИКАТИ НА 15 МОДЕРАТОРИ ЗА ВОДЕЊЕ НА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

## 15 MODERATORËVE I'U SHPËRNDANË ÇERTIFIKATAT E PARA PËR UDHËHEQJE TË "FORUMEVE NË BASHKËSI"




## ВКУПНО 77 ОПШТИНИ СО ЛИЦЕНЦИРАНИ ВРАБОТЕНИ ЗА ВОДЕЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

## GJITHSEJ 77 KOMUNA ME TË PUNËSUAR TË LICENCUAR PËR UDHËHEQJE TË PROCEDURËS PËR TOKË NDËRTIMORE

**Почитувани,**

Во месец октомври, ЗЕЛС организира свечена церемонија на која беа доделени првите сертификати за модератори на „Форуми во заедницата“. Со ваква потврда за водење на оваа понова форма на граѓанско учество во локалната власт, се стекнаа 15-те кандидати, кои претходно ги следеа обуките и го полагаа испитот, спроведени од страна на ЗЕЛС тренинг центарот. Улогата на модераторот е од големо значење за успешното спроведување на форумските сесии во општините, поради што, од јануари, 2012 година, ЗЕЛС во соработка со СДЦ, ја реализираа напредната фаза од програмата „Форуми во заедницата“, во чии рамки се реализираат напредни обуки за модераторите.

Во октомври, во просториите на ЗЕЛС, беше одржан и првиот состанок на единаесетчлената делегацијата на ЗЕЛС во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската унија (ЗКК). Присутните беа запознаени со активностите и значењето на ова тело, при што градоначалникот на општина Аеродром, Ивица Коневски, беше избран за копретседавач од македонска страна.

Стручната служба на ЗЕЛС, во согласност со заклучок од третата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС, во октомври, организираше координативен состанок за започнување на активностите за формирање на новиот состав на Комитетот на советите при ЗЕЛС, едно од четирите најважни органи на Заедницата. Присутните претседатели на општинските совети од локалните власти, чии градоначалници се претседатели на осумте плански региони, добија задача да се координираат со претседателите од општините од својот регион, за номинирање на свои претставници во ова тело, по што ќе се одржи заеднички изборен состанок.

Месецот октомври беше исполнет и со низа активности на ЗЕЛС за зајакнување на капацитетите на општинската администрација. Беше организиран петтиот циклус на обуки и испити за претставници од општините за стекнување со овластување за водење на постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Македонија. Нови 59 кандидати од општините се стекнаа со овој сертификат, со што бројот на стручни или раководни државни службеници од општинската администрација изнесува вкупно 387 сертифицирани лица, или поточно 77 општини, односно 95,1% од локалните власти во земјава го исполнија најзначајниот услов за стекнување на можноста за префрлање на ваквата надлежноста. Досега сите утврдени законски услови ги исполнија 42 општини, кои се стекнаа со правото да управуваат со ова земјиште.

ЗЕЛС тренинг центарот организираше обуки и за членовите на Мрежата за управување со човечки ресурси, а по најавата за Министерството за животна средина и просторно планирање, за затворање на инсталациите кои немаат еколошки дозволи, состанок одржаа и членовите на Мрежата за животна средина, чии донесени заклучоци беа доставени до Министерството.

Во овој број на Гласилото на ЗЕЛС, посветивме внимание и на претставувањето на интересни активности на неколку општини во земјава, кои можат да послужат како добро искуство, или иницијатива за применување и од страна на другите локални власти. Со оваа практика ќе продолжиме и во останатите броеви на весникот и Ве покануваме на взаемна соработка.

**Со почит,**

**Душица Перишиќ**
**Извршен директор на ЗЕЛС**



**Të nderuar,**

Në muajin tetor, BNJVL-ja organizoi ceremoni solemne në të cilën u shpërndanë çertifikatat e para për moderatorët e „Forumeve në bashkësi“. Vërtetim të këtillë për udhëheqjen e kësaj forme të re të pjesëmarrjes së qytetarëve në pushtetin lokal, morrën 15- kandidatë, të cilët paraprakisht i ndoqën trajnimet dhe e dhanë provimin, të realizuara nga ana e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. Roli i moderatorit ka një rëndësi të madhe për realizimin e suksesshëm të seancave të forumit në komuna, për shkak të së cilit, nga janari i vitit 2012, BNJVL-ja në bashkëpunim me SDC-në, e realizoi fazën përparimtare nga Programi ‘‘Forume në Bashkësi’’, në suazat e të cilit realizohen trajnime përparimtare për moderatorët.

Në tetor, në hapësirat e BNJVL-së, u mbajt edhe takimi i parë i delegacionit njëmbëdhjetë-anëtarësh të BNJVL-së, në Komitetin e Përbashkët Konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian (KPK). Të pranishmit u njohën me aktivitetet dhe rëndësinë e këtij trupi, ku edhe Kryetari i Komunës së Aerodromit, Ivica Konevski, u zgjodh si bashkë-kryesues i këtij trupi, nga ana maqedonase.

Shërbimi profesional i BNJVL-së, në pajtim me konkluzion nga seanca e tretë e Bordit Drejtues të BNJVL-së, në tetor, organizoi takim koordinues për fillimin e aktiviteteve për formimin e përbërjes së re të Komitetit të Këshillave në BNJVL, një nga katër trupat më të rëndësishëm të Bashkësisë. Kryetarët e pranishëm të këshillave komunalë nga autoritetet lokale, kryetarët e të cilëve janë kryetarë të tetë rajoneve planifikuese, morrën detyrë të koordinohen me kryetarët e komunave nga ky rajon, për nominim të përfaqësuesve të tyre në këtë trup, për të cilin do të mbahet takim të përbashkët zgjedhor.

Muaji tetor ishte i mbushur me një sërë aktivitetesh të BNJVL-së për përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale. U organizua cikli i pestë i trajnimeve dhe provimeve për përfaqësuesit e komunave për fitimin e autorizimit për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore të pandërtuar, pronë e Republikës së Maqedonisë. 59 kandidatë të rinj nga komunat morrën këtë çertifikatë me të cilën numri i nëpunësve shtetërorë profesionalë ose udhëheqës nga administrata komunale është gjithsej 387 persona të çertifikuar, ose më saktë 77 komuna, gjegjësisht 95,1% të autoriteteve lokale në vend i plotësuan kushtet më të rëndësishme për fitimin e mundësisë për transferimin e kësaj kompetence. Deri tani të gjitha kushtet e caktuara ligjore i plotësuan 42 komuna, të cilat e fituan të drejtën të menaxhojnë me këtë tokë.

Qendra e Trajnimeve e BNJVL-së organizoi trajnime edhe për anëtarët e Rrjetit për menaxhim me resurset njerëzore, kurse pas njoftimit të Ministrisë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, për mbylljen e instalimeve të cilat nuk kanë leje ekologjike, mbajtën takim edhe anëtarët e Rrjetit për mjedis jetësor, konkluzionet e sjella së cilës u dërguan deri te Ministria.

Në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së, i kushtuam vëmendje edhe prezantimit të aktiviteteve interesante të disa komunave në vend, të cilat mund të shërbejnë si përvojë e mirë ose iniciativë për shfrytëzim edhe në autoritete lokale të tjera. Me këtë praktikë do të vazhdojmë edhe në numrat e tjerë të gazetës dhe ju ftojmë për bashkëpunim të ndërsjellë.

**Me nderime,**

**Dushica Perishiq**
**Drejtor Ekzekutiv i BNJVL-së**


ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0) 2 30 99 033 / факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема - Мехмети
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудоски
Дизајн, подготовка за печатење и печатење - Европа 92
Лекторира - Момент мал; Превод - Висар Полику и Валентина Трајко

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema - Mehmeti
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudoski
Dizajnim, përgatitje për shtyp dhe shtypje - Evropa 92
Lektoron – Moment mall; Përkthim – Visar Poliku dhe Valentina Trajko




# ДОДЕЛЕНИ ПРВИТЕ СЕРТИФИКАТИ НА 15 МОДЕРАТОРИ ЗА ВОДЕЊЕ НА „ФОРУМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА“

# 15 MODERATORËVE I'U SHPËRNDANË ÇERTIFIKATAT E PARA PËR UDHËHEQJE TË "FORUMEVE NË BASHKËSI"

На 8 октомври, 2013 година, во хотелот „Александар Палас“, ЗЕЛС организира свечена церемонија по повод доделувањето на сертификатите за модератори за „Форуми во заедницата“. На 15-те кандидати, кои по спроведените обуки од страна на ЗЕЛС, успешно го положија писмениот и практичен дел и се стекнаа со оваа значајна потврда за водење на форумските сесии, сертификатите им ги доделија претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски и амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија, Стефано Лазарото.

-„ЗЕЛС воспостави уште еден стандард за потврда на квалитет, овој пат во областа на модерирање на „Форуми во заедницата“, сертифицирајќи ја првата група на модератори, чии услуги повторно се во полза на општините, кои ќе ја користат новата форма на граѓанско учество во локалната власт“.

Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, на свеченоста на која имаше претставници од општинската администрација и од граѓански организации, кои имплементираат форумски сесии во општините. Амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија, Н.Е. Стефано Лазарото, ја истакна заложбата, Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) да го поддржува зајакнувањето на секаква форма на поголема партиципација на граѓаните, при донесувањето на одлуките на локално ниво, а особено да придонесе за развивање и усовршување на оваа форма на граѓанско учество на локалната власт, како што се „Форумите во заедниците”. Досега „Форуми во заедницата” најмалку по еднаш, се реализирани во 59 општини, а советите на 50 општини, гласаа за измени во своите статути, со цел инстутиционализирање на форумите, како нова форма на граѓанско учество во локалната власт.

Претседателот на ЗЕЛС накратко ги запозна присутните со фазите низ кои минуваа кандидатите, за да се стекнат со сертификатот. –„ По објавениот оглас и извршениот избор на кандидати кои ги исполниле условите, тие следеа обука, а потоа полагаа писмен и практичен испит, пред Комисија за сертификација. Како поддршка за полагањето на испи-

Më 8 tetor të vitit 2013 në hotelin “Aleksandar Palace” BNJVL-ja organizoi ceremoni solemne me rastin e shpërndarjes së çertifikatave për moderatorët e “Forumeve në Bashkësi”. 15 kandidatëve, të cilët pas trajnimeve të realizuara nga ana e BNJVL-së me sukses e morrën provimin me shkrim dhe atë praktik dhe e fituan këtë vërtetim të rëndësishëm për udhëheqje të seancave të forumeve, i'u dhanë çertifikatat nga Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski dhe Ambasadori i Zvicrës në Republikën e Maqedonisë, Stefano Lazaroto.

-“BNJVL-ja vendosi edhe një standard për vërtetim të cilësisë tani në fushën e moderimit të “Forumeve në Bashkësi” duke e çertifikuar grupin e pare të moderatorëve, shërbimet e të cilëve janë në favor të komunave me që do t'a shfrytëzojnë formën e re të pjesëmarrjes së qytetarëve në pushtetin lokal”

Këtë e theksoi Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski në ceremoninë, ku ishin të pranishëm përfaqësues të administratës komunale dhe organizatat e qytetarëve, të cilat implementojnë seanca të forumeve në komunat.





тот, подготвен беше и Прирачник за полагање на испитот, што го доби секој кандидат, рече Трајановски. Претседателот на ЗЕЛС и амбасадорот на Швајцарија во нашата земја им ги врачија сертификатите на модераторите и им поскаа успешна работа и поддршка на општините и на граѓаните, при развивањето на демократските процеси во нашата земја.

Од името на сертифицираните модератори, тројца претставници ги изнесоа своите впечатоци за оваа форма на граѓанско учество, бидејќи тие досега имале можност да учествуваат во повеќе форумски сесии, при што ја истакнаа и улогата на модераторот. – „Модераторот треба да овозможи баланс и урамнотеженост меѓу граѓаните и локалната власт, да овозможи непристрасност, атмосфера на доверба, во која и помалку гласните ќе се охрабрат да го искажат својот интерес. Основната задача на модераторот е да ѝ помогне на општината, таа успешно да го спроведе форумскиот процес и да обезбеди услови за отворена демократска атмосфера и донесување на квалитетни одлуки кои ќе бидат во интерес и на граѓаните и на локалната власт". Новолиценцираните модератори сметаат дека граѓаните сè повеќе ги препознаваат форумите како моќна алатка, преку која може да се слушне нивното мислење, за прашања од локално значење и притоа истакнаа дека очекуваат тие да станат практика во работењето на локалните власти, особено во делот на донесувањето на општинските буџети. За лиценцираните модератори сертификацијата претставува дополнителна потврда на нивните досега стекнати знаења и вештини во водењето на процесот на форумите. Општините ќе може да изберат модератор од листата на сертифицираните модератори, што ќе биде поставена на веб страницата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk) и притоа да бидат сигурни дека ќе имаат успешно воден процес, чии резултати ќе бидат во ин-

Ndërkaq, ambasadori i Zvicrës në Republikën e Maqedonisë, E.T. Stefano Lazaroto e theksoi përkushtimin që Agjencioni Zviceran për bashkëpunim dhe zhvillim (SDC) t'a përkrahë përforcimin e çdo forme të pjesëmarrjes sa më të madhe të qytetarëve në sjelljen e vendimeve në nivel lokal dhe veçanërisht të kontribojë në zhvillimin dhe avancimin e kësaj forme të pjesëmarrjes së qytetarëve në pushtetin lokal siç janë „Forumet në Bashkësi". Deri tani „Forume në Bashkësi" së paku nga njëherë, janë realizuar në 59 komuna, kurse Këshillat e 50 Komunave, votuan për ndryshime në statutet e tyre, me qëllim institucionalizimi i forumeve, si formë e pjesëmarrjes së qytetarëve në pushtetin lokal.

Kryetari i BNJVL-së shkurtimisht i njohu të pranishmit me fazat që kandidatët i kaluan që t'i marrin çertifikatat.-„Pas shpalljes dhe zgjedhjes së kandidatëve të cilët i plotësonin kushtet, ata ndoqën trajnim dhe më pas dhanë provimin me shkrim dhe praktik para Komisionit për Çertifikim. Si përkrahje për dhënien e provimit u përgatit Doracak për dhënien e provimit që e morri çdo kandidat, tha Trajanovski. Kryetari i BNJVL-së dhe Ambasadori i Zvicrës në vend u'a dorëzuan çertifikatat moderatorëve dhe i uruan punë të suksesshme dhe përkrahje komunave dhe qytetarëve gjatë zhvillimit të proceseve demokratike në vend.



Në emër të moderatorëve të çertifikuar, tre përfaqësues i shprehën përshtypjet e tyre për këtë formë të pjesëmarrjes së qytetarëve me që kishin patur mundësi të marrin pjesë në më shumë seanca të forumeve me ç'rast e theksuan edhe rolin e moderatorit.-„Moderatori duhet të mundësojë balanc dhe ekuilibër mes qytetarëve dhe pushtetit lokal, të mundësojë paanësi, mjedis besimi, ku edhe më pak të zëshmit do të inkurajohen t'a shprehin interesin e tyre. Detyra kryesore e moderatorit është të ndihmojë komunën, që ajo t'a realizojë me sukses procesin e forumit dhe të sigurojë kushte për atmosferë të hapur demokratike dhe sjellje të vendimeve cilësore të cilat do të jenë në interesin e qytetarëve dhe pushtetit lokal."





терес и на граѓаните и на општината.

Форумот се спроведува низ шест средби на граѓаните, на кои, преку структурирани дискусии, учесниците елаборираат проблеми во локалната власт, нудат решенија, ѝ даваат препораки на општината. Модераторот го раководи форумот и има клучна улога во форумските процеси, ги организира и модерира форумските сесии и ја води комуникацијата со општинските власти и со засегнатите страни. Неговата улога е од големо значење за успешното спроведување на форумските сесии, поради што, од јануари, 2012 година, ЗЕЛС во соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) ја реализираа напредната фаза од програмата „Форуми во заедницата", во чии рамки се реализираат напредни обуки за модераторите.

На крајот на свеченоста, претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, ја потенцира добрата соработка со Амбасадата на Швајцарија во нашата земја и истакна благодарност до Швајцарската агенција за соработка и развој, за поддршката што ја дава на ЗЕЛС, но и на општините, за развивање на локалната демократија во нашата земја.

Moderatorët e sapolicencuar konsiderojnë se forumet sa më shumë njihen nga qytetarët, si vegël e fuqishme përmes së cilës dëgjohet mendimi i tyre për çështje me rëndësi lokale dhe presin që ato të bëhen praktikë në punën e autoriteteve lokale, veçanërisht në pjesën e sjelljes së buxheteve komunale. Për moderatorët e sapolicencuar çertifikimi paraqet vërtetim plotësues të njohurive të përvetësuara dhe aftësive për udhëheqje të procesit të forumeve. Komunat do të kenë mundësi të zgjedhin moderator nga lista e moderatorëve të çertifikuar e cila do të vendoset në ueb faqen e BNJVL-së (www.zels.org.mk) me çrast do të jenë të sigurt që do kenë një proces të udhëhequr me sukses, rezultatet e të cilit do të jenë në interes të qytetarëve dhe komunës.

Forumi zbatohet në gjashtë takime të qytetarëve, në të cilat, përmes diskutimeve të strukturuara, pjesëmarrësit elaborojnë probleme në pushtetin lokal, propozojnë zgjidhje, i japin propozime komunës. Moderatori e udhëheq forumin dhe ka rolin kyç në proceset e forumeve, i organizon dhe moderon seancat e forumeve dhe e udhëheq komunikimin me autoritetet komunale dhe me palët e interesuara. Roli i tij ka rëndësi të madhe në realizimin e suksesshëm të seancave të forumeve andaj duke filluar nga janari i vitit 2012 BNJVL-ja në bashkëpunim me Agjencionin Zviceran për Bashkëpunim (SDC) e realizoi fazën përparimtare nga Programi „Forume në Bashkësi", në suazat e të cilit realizohen trajnime përparimtare për moderatorët.

Në fund të ceremonisë kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski e theksoi bashkëpunimin e mirë me Ambasadën e Zvicrës në vend dhe falenderoi Agjencionin Zviceran për bashkëpunim dhe zhvillim për përkrahjen që i'a ofron BNJVL-së por edhe komunat për zhvillimin e demokracisë lokale në vend.

*Одржан состанок на Мрежата за животна средина при ЗЕЛС*

*U mbajt takimi i Rrjetit për mjedis jetësor në BNJVL*

# ДОНЕСЕНИ ЗАКЛУЧОЦИ ПО НАЈАВАТА НА МЖСПП ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ИНСТАЛАЦИИТЕ КОИ НЕМААТ ЕКОЛОШКИ ДОЗВОЛИ

# U SOLLËN KONKLUZIONET PAS NJOFTIMIT NGA MMJPH PËR MBYLLJEN E INSTALIMEVE TË CILAT NUK KANË LEJE EKOLOGJIKE

Сите поднесени барања во општините, за издавање на Б-дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план, според најавата на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија треба да бидат издадени до крајот на 2013 година. Инсталациите што нема да ги обезбедат потребните еколошки дозволи ќе бидат затворени. Како резултат на ваквиот став на МЖСПП, Мрежата за животна средина, при ЗЕЛС одржа состанок во просториите на ЗЕЛС на 25 октомври, 2013 година, на кој присутните дискутираа како да се изнајде најсоодветно решение, со цел да нема оштетена страна, односно да нема негативни социјално-економски последици, при реализација на најавата. По опсежна дискусија, присутните донесоа неколку заклучоци и истите како предлог, преку ЗЕЛС, се упатени до Министерството. Членовите на Мрежата сметаат дека со донесените заклучоци ќе се забрза работата во општините, но и ќе се поттикнат индустриите навреме и совесно да ја извршат својата законска обврска:

Të gjitha kërkesat e parashtruara në komuna, për lëshimin e B-lejeve dhe leje për përputhje me planin operativ, sipas njoftimit të Ministrisë për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor të Republikës së Maqedonisë duhet të lëshohen deri në fundin e vitit 2013. Instalimet që nuk do t'i sigurojnë lejet e duhura ekologjike do të mbyllen. Si rezultat i qëndrimit të këtillë të MMJPH-së, Rrjeti për mjedis jetësor, në BNJVL mbajti takim në hapësirat e BNJVL-së më 25 tetor të vitit 2013, në të cilin të pranishmit diskutuan si të gjendet zgjidhja më e përshtatshme me qëllim që të mos ketë anë të dëmtuar, gjegjësisht të mos ketë pasoja negative ekonomiko-sociale, gjatë realizimit të njoftimit. Pas një diskutimi të gjerë, të pranishmit sollën disa konkluzione dhe të njejtat si propozim, nëpërmjet BNJVL-së, janë drejtuar drejt Ministrisë. Anëtarët e Rrjetit konsiderojnë se me konkluzionet e sjella do të përshpejtohet puna e komunave por edhe do të nxiten industritë t'a realizojnë detyrimin e tyre ligjor në kohë dhe me përgjegjësi:

1. Општините да го запазат рокот, до 31 декември, 2013 година за издавање на еколошките дозволи по основ на веќе поднесени барања;

2. Доколку за издавање на дозволите е потребно да се обезбеди дозвола за користење на вода и дозвола за испуштање во вода, за што е надлежно Министерството за животна средина и просторно планирање, а без нив операторот не може да добие интегрирана еколошка дозвола, за издавањето на овие Б-ИСКЗ или дозволи за усогласување со оперативен план, рокот да се пролонгира до 1 април, 2014 година;

3. Рокот за спроведување на оперативниот план од дозволите за усогласување со оперативен план да се продолжи на една година од денот на издавање на дозволата;



4. Општините што ги префрлиле барањата за издавање Б-дозволи на Министерството, да бидат информирани за статусот на издавање на дозволата, односно дали Министерство за нив ќе издаде дозволи во наведениот рок – 31 декември, 2013 година.

При донесувањето на заклучоците, членовите на Мрежата се водеа од реалните состојби при имплементација на промените во законските и подзаконските акти, а кои во поголем дел навлегуваат во елементите што се составен дел на дозволата, како што е регулирањето на граничните вредности на емисии, дополнително стекнување со водно право, односно обезбедување дозвола за користење вода и дозвола за испуштање вода во канализациskiот систем итн. Присутните посочија дека постоечки инсталации не го запазуваат рокот за поднесување на барање, доставуваат непотполна документација,за што најчеста причина се нерегулираните одобренија за градење (особено кај фармите), постоење на договори за преземање на отпад, но не и негово следење до крајната дестинација итн.

Мрежата за животна средина го отвори и прашањето за постапката за премин од дозвола за усогласување со оперативен план во Б-ИСКЗ дозвола, за што нема пропишана постапка. За овие дозволи, како и за новите инсталации кои подлежат на Б-ИСКЗ режимот, ЗЕЛС подготви софтверска апликација со која електронското издавање на овие дозволи значително ќе го олесни и ќе ја зголеми ефикасноста на општинската администрација и во овој домен, а голем дел од проблемите коишто сега често се јавуваат ќе бидат надминати.

Во Република Македонија, Б- инсталациите се поделени во две групи: постојни и нови. Постојните инсталации поднесуваат барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план во временски интервал од шест месеци,

1. Komunat t'a ndjekin afatin, deri më 31 dhjetor të vitit 2013 për lëshimin e lejeve ekologjike në bazë të kërkesave tashmë të parashtruara;

2. Nëse për lëshimin e lejeve nevojitet të sigurohet leje për shfrytëzimin e ujit dhe leje për lëshim në ujë, për të cilën është kompetente Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, kurse pa ato operuesi nuk mund t'i marrë këto B-NKIN ose leje për harmonizim me planin operativ, afati të shtyhet deri më 1 prill të vitit 2014.

3. Afati për zbatimin e planit operativ nga lejet për harmonizim me planin operativ të shtyhet për një vit nga dita e lëshimit të lejes,

4. Komunat që i kanë transferuar kërkesat për lëshimin e B-lejeve te Ministria, të informohen për statusin e lëshimit të lejes, gjegjësisht nëse Ministria për ato do të lëshojë leje në afatin e caktuar – 31 dhjetor të vitit 2013.

Gjatë sjelljes së konkluzioneve, anëtarët e Rrjetit udhëhiqeshin nga situatat reale në zbatimin e ndryshimeve në aktet ligjore dhe nënligjore, të cilat në pjesën më të madhe hyjnë në elementet që janë pjesë përbërëse të lejes, siç është rregullimi i vlerave kufitare të emisioneve, fitimi plotësues i së drejtës ujore, gjegjësisht sigurimi i lejes për shfrytëzim të ujit dhe leje për lëshim të ujit në sistemin e kanalizimit etj. Të pranishmit theksuan se instalimet ekzistuese nuk e respektojnë afatin për parashtrim të kërkesës, dërgojnë dokumentacion të pakompletuar, me ç'rast arsyeja më e shpeshtë janë lejet e paregullta për ndërtim (veçanarisht tek fermat), ekzistencë e marrëveshjeve për mbledhjen e hedhurinave, por jo edhe për ndjekjen e tij deri në destinacionin e fundit etj.

Rrjeti i mjedisit jetësor e hapi edhe çështjen lidhur me procedurën për kalim nga leja për harmonizim me planin operativ në B-NKIN lejeve me ç`rast nuk është caktuar procedura. Për sa i përket lejeve në fjalë, ashtu si për instalimet e reja që i përmbahen regjimit të B-NKIN-së, BNJVL-ja përgatiti aplikim softuerik me të cilin lëshimi elektronik i këtyre lejeve jashtëzakonisht do t`a lehtësojë dhe zmadhojë efikasitetin e administratës komunale edhe në këtë lëmi. Ndërkaq, pjesë e madhe e problemeve që tani shpesh shfaqen do të tejkalohen.

Në Republikën e Maqedonisë, B-instalimet janë të ndara në dy grupe: ekzistuese dhe të reja. Instalimet ekzistuese parashtrojnë kërkesë për marrje të lejes për harmonizim me planin operativ në periudhë kohore prej gjashtë muajve e posaçërisht e përcaktuar për çdo



определено посебно за секој индустриски сектор, започнувајќи од 1 јануари, 2006 година и заклучно до 31 декември, 2008 година, но најдоцна до 31 декември, 2009 година. Операторот на инсталацијата која започнува со работа пред 31 декември, 2009 година може да одлучи да поднесе барање за дозвола за усогласување со оперативен план. Целосното усогласување на сите сектори со барањата на законодавството е превидено да заврши до 2014 година. Новите инсталации, како и оние коишто го пропуштиле рокот за поднесување барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план, поднесуваат барање за добивање Б-ИСКЗ дозвола, при што истите треба да бидат веќе усогласени со поставените законски барања.

Во Република Македонија најголем број постојни Б-инсталации припаѓаат на секторите: индустрија на минерали, производство на храна и фарми за интензивно живинарство и свињарство. На регионално и на национално ниво, евидентен е нерамномерен распоред во однос на распределбата на Б-дозволите за усогласување. Околу 50% од вкупниот број Б-инсталации се распределени во неколку општини: Велес, Битола, Прилеп, Кичево, Куманово и во градот Скопје.

sektor industrial. Kjo ka filluar nga 1 janari i vitit 2006 dhe përfundoi më 31 dhjetor të vitit 2008, por më së voni deri më 31 dhjetor të vitit 2009. Operatori i instalimit i cili filloi me punë para 31 dhjetor të vitit 2009 mund të vendosë të parashtrojë kërkesë për leje për harmonizim me planin operativ. Harmonizimi i tërësishëm i të gjitha sektorëve me kërkesat e legjislacionit është i paraparë të përfundojë deri më vitin 2014. Instalimet e reja si dhe ato që e kanë lëshuar afatin për parashtrim të kërkesës për marrje të lejes për harmonizim me planin operativ, parashtrojnë kërkesë për marrje të B-NKIN lejeve, me ç'rast të njejtat duhet veç më të jenë të harmonizuara me kërkesat e vendosura ligjore.

Në Republikën e Maqedonisë numri më i madh i B-instalimeve ekzistuese i takon sektorëve: industria e mineraleve, prodhimi i ushqimit dhe fermat për kultivim intensiv të shpezëve dhe derrave. Në nivel rajonal dhe kombëtar, është evidentuar renditje e jobarabartë në lidhje me shpërndarjen e B-lejeve për harmonizim. Rreth 50% të numrit të tërësishëm të B-instalimeve janë shpërndara në disa komuna: Veles, Manastir, Prilep, Kërçovë, Kumanovë dhe në Qytetin e Shkupit.

*Состанок на Мрежата на инспектори за патен сообраќај и патишта на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, при ЗЕЛС*

*Takim i Rrjetit të inspektorëve për qarkullim rrugor dhe rrugë të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe qytetit të Shkupit, në BNJVL*

## ИЗНЕСЕНИ ЗАБЕЛЕШКИ ЗА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Мрежата на инспектори за патен сообраќај и патишта на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје при ЗЕЛС, на 21 октомври, 2013 година, одржа состанок, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, кој се наоѓа во административната зграда на Заедницата. Присутните дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат при спроведувањето на надлежностите на локалните власти од оваа област, фокусирајќи се на одредени одредби од Законот за превоз во патниот сообраќај и Законот за јавните патишта. Мрежата изнесе свои ставови по текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за превоз на патниот сообраќај, кој е во собраниска постапка на донесување. Беше нагласена потребата од свикување на итен состанок со претставници од Секторот за сообраќај во Министерството за транспорт и врски заради допрецизирање и разграничување на постапките што се во надлежност на инспекторите за патен сообраќај и патишта, од локалната власт.

Беше посочена потребата, со подзаконски акти да се прецизира одредбата со која се утврдува обврската за овластен инспектор за патен сообраќај да изврши трајно, односно времено, одземање на возило што било користено за превоз, со кое е сторен прекршок. При спроведувањето на постапката се создаваат голем број на правни последици кои не се утврдени со прописи, а особено што Законот за превоз во патниот сообраќај упатува на правото за поведување на управен

## U NXORËN VËREJTJET PËR NDRYSHIMET DHE PLOTËSIMET E LIGJIT PËR TRANSPORT NË QARKULLIMIN RRUGOR

Rrjeti i inspektorëve për qarkullim rrugor dhe rrugë të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe qytetit të Shkupit në BNJVL, në datën 21 tetor të vitit 2013, mbajtën takim, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, e lokalizuar në ndërtesën administrative të Bashkësisë. Të pranishmit diskutuan për sfidat me të cilat ballafaqohen gjatë realizimit të kompetencave të autoriteteve lokale, nga kjo sferë, duke i'u dedikuar dispozitave të caktuara nga Ligji për transport në qarkullimin rrugor dhe Ligjin për rrugët publike. Rrjeti shprehu qëndrimet e veta për tekstin e Propozim-Ligjit për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për transport në qarkullimin rrugor, i cili është në procedurë parlamentare për miratim. U theksua nevoja për realizimin e takimit urgjent me përfaqësues nga sektori për qarkullim në Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve për saktësimin dhe përkufizimin e procedurave të cilat janë nën kompetencën e inspektorëve për qarkullim rrugor dhe rrugë, nga pushteti lokal.

U theksua nevoja, me akte nënligjore të saktësohet dispozita me të cilën përcaktohet obligimi për inspektorin e autorizuar për qarkullim rrugor të realizojë marrjen e përhershme, gjegjësisht të përkohshme, të automjetit të përdorur për transport dhe me të cilin është bërë kundërvajtja. Gjatë realizimit të procedurës shkaktohen një numër i madh pasojash juridike të cilat nuk janë të caktuara me rregulla dhe veçanarisht që Ligji për transport në qarkullimin rrugor i referohet të drejtës për ngritjen e kontestit administrativ para gjyqit kompetent, kundër vendimit



спор пред надлежниот суд, против решението на овластениот инспектор. Присутните истакнаа повеќе дилеми, меѓу кои за извршувањето на процената на состојбата во која се наоѓа возилото кога се одзема, потоа дилемата за обезбедувањето на возилото и негово соодветно чување од страна на општината, за што е потребно соодветно утврдено депо со чуварска служба, како и во однос на прашањето за надоместокот на трошоците за предавањето на возилото на управување на Агенцијата за управување со одземен имот, бидејќи сега сите одземени возила од општините се носат во Агенцијата, во Скопје. Присутните во овој дел ги потенцираа и недореченостите во утврдувањето на потребните докази кои инспекторот е должен да ги обезбеди пред да биде донесено решение за времено или трајно одземање на возилото.



Претставниците од Мрежата на инспектори за патен сообраќај и патишта на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, при ЗЕЛС, побараа донесување на Упатство за примена на одредбите со кои им се овозможува на авто–такси превозниците на патници, внатре во подрачјето определено со лиценца, да превезуваат патници во друга општина или градот Скопје, но при враќањето назад можат да ги преземат само патниците кои ги донеле. Инспекторите се соочуваат со проблем при вршењето на инспекциски надзор, заради честиот превоз кој се извршува меѓу соседни општини, при што нема начин да се докаже дали патниците се истите или се довезуваат од општината за која не им е издадена лиценцата. Притоа, беше нагласено дека при утврдувањето на ваквата состојба, не се предвидени соодветни казнени одредби.

Присутните изнесоа одредени дилеми и во однос на прашањето кој ја донесува годишната програма и разграничувањето на одредени ингеренции со државниот инспекторат за сообраќај. Инспекторите за сообраќај од локалната власт посочија дека немаат повратна информација, односно немаат увид дали Управата за јавни приходи (УЈП) наплатила од сметката на субјектот за кој е поведена прекршочна постапка, поради што голем број од предметите им стојат отворени, односно се сметаат за нереализирани.

Во однос на Законот за јавни патишта, на состанокот беше потенцирана потребата од донесување на методологија за процена на вредноста за прекумерното користење на патиштата. Локалните патишта многу често се преоптоварени од тешка механизација што ја користат стопанските субјекти при пренос на многу тежок товар, како што е товарот од рудниците, сеча на шумите и друго, а санирањето на направените оштетувања го покрива исклучиво општината.



të inspektorit të autorizuar. Të pranishmit shfaqën shumë dilema, mes cilave për zbatimin e vlerësimit të gjendjes në të cilën gjendet automjeti në momentin kur merret, më pas dilema për sigurimin e automjetit dhe mbrojtja e posaçme e tij nga ana e komunës, për të cilin nevojitet depo e caktuar në mënyrë të posaçme me shërbim rojtarësh, si edhe në lidhje me çështjen rreth kompenzimit të shpenzimeve për dhënien e automjetit në posedim të Agjencisë për menaxhim me pronën e konfiskuar, sepse tani të gjitha automjetet e konfiskuara nga komunat i mban Agjencia, në Shkup. Të pranishmit në këtë pjesë theksuan edhe paqartësitë në caktimin e dëshmive të duhura të cilat inspektori është i obliguar t'i sigurojë para se të sillet vendimi për marrjen e përkohshme ose të përhershme të automjetit.

Përfaqësuesit e Rrjetit të inspektorëve për qarkullim rrugor dhe rrugë të njësive të vetëqeverisjes lokale dhe Qytetit të Shkupit në BNJVL, kërkuan miratimin e Udhëzuesit për zbatimin e dispozitave me të cilat i mundësohet auto-taksi transportuesve, brenda territorit të caktuar me lishencë, të transportojnë pasagjerë në komuna të tjera ose qytetin e Shkupit, por pas kthimit mund t'i marrin vetëm pasagjerët të cilët i kanë sjellë. Inspektorët ballafaqohen me problem gjatë realizimit të mbikëqyrjes inspektuese, për shkak të transportit të shpeshtë i cili realizohet mes komunave fqinje, ku nuk ka mënyrë të vërtetohet nëse bëhet fjalë për të njejtët pasagjerë ose të rinj të cilët janë marrë nga komuna për të cilën nuk i është lëshuar lishenca. Pas kësaj u theksua se gjatë caktimit të gjendjes së këtillë, nuk parashikohen dispozita të përshtatshme penale.

Të pranishmit shprehën dilema të caktuara edhe në lidhje me çështjen kush e sjell programin vjetor dhe kufizimin e kompetencave të caktuara me inspektoratin shtetëror për qarkullim. Inspektorët për qarkullim nga pushteti lokal treguan se nuk kanë informacion kthyes, gjegjësisht nuk kanë shqyrtim, nëse Drejtoria e të hyrave publike ka marrë kompenzimet nga llogaria e subjektit për të cilin është nisur procedura kundërvajtëse, për shkak se një numër i madh i lëndëve qëndrojnë të hapura, gjegjësisht konsiderohen si të parealizuara.

Në lidhje me Ligjin për rrugë publike, në takim u theksua nevoja për miratimin e metodologjisë për vlerësim të vlerës për shfrytëzimin jashtë mase të rrugës. Rrugët lokale shumë shpesh janë të mbingarkuara me mekanizma të rënda të cilat i përdorin subjektet afariste gjatë transportit të ngarkesës shumë të rëndë, siç janë ngarkesat e minierave, prerjet e pyjeve dhe të tjera kurse sanimin për dëmet e shkaktuara e mbulon komuna.



# ДЕЛЕГАЦИЈА ОД РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА СЕ ЗАПОЗНА СО НАЧИНОТ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ОД НАШАТА ЗЕМЈА




# DELEGACION NGA REPUBLIKA E SHQIPËRISË U NJOH ME MËNYRËN E FINANCIMIT TË AUTORITETEVE LOKALE NË VEND

Делегација од градоначалници од Република Албанија, претставници од општинската администрација од секторите за финансии, буџет и даноци, експерти за локална самоуправа од регионите Шкодра и Лежа, како и експерти од префектурите, во периодот од 24 до 26 октомври, 2013 година беа во посета на нашата земја. Целта на оваа посета беше претставниците од локалните власти од Албанија да се запознаат со начинот на финансирање на нашите општини, при што тие покажаа особен интерес за искуствата на локалните власти во обезбедувањето на приходите од сопствени извори, како што се локалните даноци, локалните такси, локалниот надомест и приходите од сопственост.

Настанот беше организиран со логистичка и експертска поддршка на ЗЕЛС, а идејата за размена на искуствата меѓу локалните власти од двете земји, беше утврдена во рамките на проектот „Децентрализацијата и локалниот развој", финансиран од СДЦ Албанија и од програмата Свис Хелветас.

Si komunë, në të cilën shpesh zmadhohet numri i investimeve, u përpilua një analizë gjithëpërfshirëse për nevojat me stafe të posaçme për ekonominë. Duke u nisur nga rezultatet e fituara komuna filloi me ndërtimin e objektit të shkollës së mesme, nga e cila do të dalin stafe profesionale të cilët menjëherë pas mbarimit do të jenë të aftë të përfshihen në proceset prodhuese. Për herë të parë në Komunën e Ilindenit u vendos arsimi i mesëm, i cili është rezultat i bashkëpunimit ndërmjet komunës dhe Ministrisë së arsimit dhe shkencës. Nga shtatori filloi mësimdhënia në dy paralele për degën elektroteknike dhe për informatikë, komunikim teknologjik dhe automatikë, me 63 nxënës të regjistruar, kurse shkolla e mesme profesionale „Ilinden" disponon me laboratori moderne për TIK, e pajisur me pajisje cilësore informatike. Një rëndësi ka se zgjedhja e shkollës së mesme vjen si rezultat i nevojave në ekonomi dhe do të sigurojë stafe të cilët menjëherë pas mbarimit do të jenë të aftë të përfshihen në proceset prodhuese. Për këtë qëllim Komuna nënshkroi Memorandum për bashkëpunim me MASH-in dhe MEPSO-n, ku Operatori maqedonas elektropërçues sistematik obligohet të sigurojë mësimdhënie praktike, trajnim dhe angazhim pune sipas nevojave të kapaciteteve ekzistuese për nxënësit nga Shkolla e mesme profesionale „Ilinden" në Komunën e Ilindenit.

Ndërtimit të shkollës së mesme komunale të parë i vijonte ndërtim të kopështit të parë komunal për fëmijë i cili është plotësisht i zgjeruar dhe sot strehon 200 fëmijë të moshës parashkollore. Në Komunën e Ilindenit ka tre shkolla fillore qëndrore dhe pesë shkolla fillore rajonale ku mësojnë 2.000 nxënës. Këtë vit në klasën e parë u regjistruan për herë të parë një numër rekord prej 200 nxënës.

Komuna e Ilindenit ishte një nga komunat e para në Republikën e Maqedonisë që filloi t'a përdorë efikasitetin energjetik. Që prej disa vitesh sistem për ngrohje dhe ftohje me pompa gjeotermale ngrohëse, me shfrytëzim të burimeve të ripërtëritshme alternative të energjisë, u instalua në SHF „Vëllezërit Milladinovci". Sot një sistem i këtillë është instaluar edhe në SHF „Goce Dellçev", kopështin e fëmijëve dhe shkollën e mesme të re.

Për nxënësit janë siguruar ekskursione falas, qëllim për të cilin Komuna e Ilindenit nga buxheti ndan 300.000 denarë, gjithashtu janë vendosur edhe 12 wi-fi zona ku nxënësit mund të përdorin internet falas.

Këtë vit, tashmë viti i nëntë sipas rradhës Komuna e Ilindenit në kuadër të Qendrës Kulturore Edukuese Ilinden organizon kurse falas. Nxënësit nga klasa e katërt deri në klasën e nëntë kanë mundësi të ndjekin 16 kurse të ndryshme: kurse për gjuhë të huaja (anglisht, gjermanisht, italisht, spanjisht

ведени се и 12 wi-fi зони , каде што учениците можат да користат бесплатен интернет.

Годинава, веќе деветта година по ред општина Илинден во рамките на културно-едукативниот центар Илинден организира бесплатни курсеви. Учениците од четврто до деветто одделение имаат можност да посетуваат 16 различни курсеви: курсеви по странски јазици (англиски, германски, италијански, шпански и кинески), уметност (сликарство), музика (гитара), фотографија, модерен балет, фолклор, народно пеење, драма, јога и курс за креативно пишување, а за прв пат оваа година и курс по јавен настап и комуникациски вештини, како и курс за личен развој и решавање на конфликти.

Главна цел на овој проект е да се подигне квалитетот на образовниот процес и да се придонесе младата популација да се здобие со нови образовни и културни вредности. Секоја година курсевите ги посетуваат по околу 600 ученици.

Ристо Томовски,
ПР на општина Илинден

dhe kinezisht), art (pikturim), muzikë (gitarë), fotografi, balet modern, folklor, këngë popullore, dramë, jogë dhe kurs për shkrim kreativ, kurse për herë të parë këtë vit edhe kurs për paraqitje publike dhe aftësi komunikuese, si edhe kurs për zhvillim personal dhe zgjidhje të konflikteve.

Qëllimi kryesor i këtij projekti është të ngrihet cilësia e procesit arsimor dhe të kontribohet që popullsia e re të fitojë vlera të reja arsimore dhe kulturore. Çdo vit kurset vizitohen nga 600 nxënës.

Risto Tomovski,
PR i Komunës së Ilindenit

## ОПШТИНА СТРУГА ЗАПОЧНА СО ЧИСТЕЊЕ НА КАНАЛИТЕ



Општина Струга,кон крајот на месец октомври, започна со чистење на каналите кои минуваат низ градот Струга. Првенствено, чистењето започна со каналот што е паралелен со магистралниот пат М4, започнувајќи од мостот „Даљан“, на влезот во Струга, кон исток, по трасата на главниот канал. Каналот е полн со отпад и тоа од органско и неорганско потекло и доколку не се исчисти може да предизвика поплавување на овој дел од градот, односно да предизвика штети на населението. За овие оперативни зафати известени се и надлежните органи на полицијата, кои обезбедија присуство на службено лице заради безбедно и непречено одвивање на работите, особени оние кои се извршуваат од страната на магистралниот пат. Должината на овој канал изнесува некаде околу 2.800 m, а за неговото чистење средствата ги обезбеди општина Струга. Овој канал не е чистен долг период, особено некои негови делови, поради што сметот што се вади е многу обемен и работите се одвиваат со умерено темпо. Градоначалникот на општина Струга, Зиадин Села се заложи да се исчистат сите канали во општината, и да се заштити населението од поплави, но и од лошиот мирис што е предизвика од натрупаниот смет. Градоначалникот рече дека ќе се потруди, општината да ги обезбеди потребните средства за расчистувањето на сите канали. По расчистувањето на главниот канал, во овој период ќе се продолжи и со расчистување на уште неколку канали во општината, каде што досега не било воопшто интервенирано.

Роланд Амзаи
ПР на општина Струга



## KOMUNA E STRUGËS FILLOI ME PASTRIMIN E KANALEVE

Komuna e Strugës, në fundin e muajit tetor, filloi me pastrimin e kanaleve që kalojnë në qytetin e Strugës. Fillimisht, pastrimi filloi me kanalin i cili është paralel me rrugën magjistrale M4, duke filluar nga ura „Daljan“, në hyrjen e Strugës, drejt lindjes, gjatë vijës së kanalit kryesor. Kanali është plot me hedhurina dhe kjo me prejardhje organike dhe joorganike dhe nëse nuk pastrohet mund të shkaktojë vërshime në këtë pjesë të qytetit, gjegjësisht të shkaktojë dëme për popullsinë. Për këto ndërhyrje operative janë të njoftuara edhe organet kompetente të policisë, të cilët siguruan pjesëmarrjen e personit zyrtar për shkak të zbatimit të punëve në mënyrë të sigurt dhe pa ndërprerje, veçanarisht ato të cilët zbatohen nga ana e rrugës magjistrale. Gjatësia e këtij kanali është rreth 2.800m, kurse për pastrimin e tij mjetet i siguroi Komuna e Strugës. Ky kanal nuk është pastruar për një periudhë të gjatë, posaçërisht disa pjesë të tij, për shkak të të cilave plehrat që nxirren janë shumë dhe punët zhvillohen me një rritëm mesatar. Kryetari i Komunës së Strugës, Ziadin Sela u përkushtua për pastrimin e të gjithë kanaleve në komunë dhe t'i mbrojë banorët nga vërshimet, por edhe nga aroma e keqe që shkaktohet nga plehrat e grumbulluara. Kryetari tha se do të mundohet, komuna t'i sigurojë mjetet e duhura për pastrimin e të gjitha kanaleve. Pas pastrimit të kanalit kryesor, në këtë periudhë do të vazhdohet edhe me pastrimin e disa kaneleve të tjera në komunë, ku deri tani nuk është ndërhyrë aspak.

Roland Amzai
PR i Komunës së Strugës

# ОДРЖАНИ ШЕСТ ФОРУМИ ВО МЕСЕЦ ОКТОМВРИ

Во рамки на програмата „Форуми во заедницата“ во месец октомври, беа одржани форуми во шест општини, а во општина Конче започна одржувањето на самостоен буџетски форум, без финансиска поддршка на СДЦ.

Локалната администрација од општина Конче, на 24 октомври, 2013 година, во присуство на 55 жители од општината, го презентираше процесот на буџетирање, односно структурата на општинскиот буџет, како и прегледот на стратегискиот развоен план и приоритетите за развој на општината за 2014 година. Последната, последователна сесија од форумскиот процес во Маврово-Ростуша, се одржа на 17 октомври, во село Ростуше, во присуство на 32 жители на општината, во чии рамки се изведоа три проекти - „Безбедно спортување“, „Здрава животна средина“ и „Безбедно меѓусебно поврзување“. Општина Кривогаштани, на 4 октомври, во присуство на 113 жители, ја одржа четвртата форумска сесија каде беа презентирани вкупно 7 предлог-проекти, вклучително и прелиминарните буџети.

Во Шуто Оризари, Илинден и Штип се одржаа четвртите форумски сесии, каде беа презентирани и усвоени неколку предлог-проекти, пред да се гласаат на петтата форумска сесија. На 9 октомври, сесијата во Шуто Оризари собра 86 жители, а форумот одобри 5 предлог-проекти: Реновирање и санација на централни улици, со кој се предвидува санирање на оштетените делови низ улиците “Вашингтонска” и “Виетнамска”, Реновирање и санација на споредни улици, проект со кој се предвидува реконструкција на улиците „Дринска” и „Диме Мечето”; Улично осветлување, проект со кој се предвидува поставување на систем и инсталација за осветлување со штедливи сијалици на дел од ул. Брсјачка буна б.б.; Уредување на јавни површини – проект со кој се предвидува партерно уредување на јавната површина кај улица “Нов Живот”; Уредување на тротоарите и просторот околу нив – предлог со кој се предвидува асфалтирање на тротоарите на улиците “Виничка” и “Вашингтонска” и уредување на јавната површина.

Илинден одобри 7 предлог-проекти, на форумот одржан на 24 октомври, во присуство на 130 жители на општината. На сесијата беа презентирани следниве предлог-проекти - “Овозможување на услови за водени спортови – изградба на затворен базен”, „Сигурно пешачење - обележување и осветлување на улици”, „Пешачка патека на улицата 532”, „Пешачка и велосипедска патека до манастирскиот комплекс”, „Сигурно собирање на комуналниот отпад”, „Селекција на комуналниот отпад во општина Илинден”, „Одржување на патишта – механизација за зимско одржување на патиштата”.

Жителите на Штип подготвија 8 предлог-проекти во Штип на форумот што се одржа на 22 октомври во присуство на 120 жители, а концептите се однесуваат на „Здрава храна, безбедна средина за децата во детските градинки во Штип”, „Спортски сали за здрави ученици”, „Спортски игралишта” , „Да создадеме зелени училишта”, „Културно зближување, социјално освежување”, „Трим патека” и „Промена на покрив”.

# NË MUAJIN TETOR U MBAJTËN GJASHTË FORUME

Në kuadër të programit „Forumet në bashkësi“ në muajin tetor, u mbajtën forume në gjashtë komuna, kurse në komunën e Konçes filloi mbajtja e forumit të vetë buxhetor, pa përkrahjen financiare e SDC-së.

Administrata lokale e Komunës së Konçes, më 24 tetor të vitit 2013, në prani të 55 banorëve të komunës, e prezantoi procesin e buxhetimit, gjegjësisht strukturën e buxhetit komunal, si edhe shqyrtimin e planit strategjik të zhvilluar dhe prioritetet për zhvillim të komunës për vitin 2014. Seanca përfundimtare, vijuese nga procesi i forumit në Mavrovë-Rostushë, u mbajt më 17 tetor, në fshatin Rostushë, në prani të 32 banorëve të komunës, në suazat e së cilës u realizuan tre projekte- „Sportimi i siguruar“, „Mjedis jetësor i shëndetshëm“ dhe „Lidhja e sigurt e ndërjellë“. Komuna e Krivogashtanit, më 4 tetor , në prani të 113 banorëve, e mbajti seancën e katërt të forumit ku u prezantuan gjithsej 7 propozim-projekte, duke përfshirë edhe buxhetet paraprake.

Në Shuto Orizarë, Ilinden dhe Shtip u mbajtën katër seancat e forumit, ku u prezantuan dhe miratuan disa propozim-projekte, para se të votohen në seancën e pestë të forumeve. Më 9 tetor, seanca në Shuto Orizarë mblodhi 86 banorë, kurse forumi konfirmoi 5 propozim-projekte: Rinovimi dhe sanimi i rrugëve qëndrore, me të cilat parashikohet sanimi i pjesëve të dëmtuara në rrugët „Vashingtonska“ dhe „Vietnamska“, Rinovimi dhe sanimi i rrugëve anësore, projekt me të cilin parashikohet rikonstruimi i rrugëve „Drinska“ dhe „Dime Meçeto“; Ndriçimi rrugor, projekt me të cilin parashikohet vendosja e sistemit dhe instalimit për ndriçim me llamba kursyese në një pjesë të rr. Bërsjaçka Buna p.n.; Rregullimi i sipërfaqeve publike - projekt me të cilin parashikohet rregullimi i sipërfaqes publike te rruga „Nov Zhivot“; Rregullimi i trotuareve dhe hapësira përreth tyre - propozim me të cilin parashikohet asfaltimi i trotuareve të rrugëve „Viniçka“ dhe „Vashingtonska“ dhe rregullimi i sipërfaqes publike.

Ilindeni miratoi 7 propozim-projekte, në forumin e mbajtur më 24 tetor, në prani të 130 banorëve të komunës. Në seancën u prezantuan propozim - projektet e mëposhtme -„Mundësimi i kushteve për sporte ujore - ndërtimi i pishinës së mbyllur“, „Ecja e sigurt - shënimi dhe ndriçimi i rrugëve“, „Rrugë këmbësorësh në rrugën 532“, „Rrugë për këmbësorë dhe biçiklistë deri te kompleksi i manastirit“; „Mbledhja e sigurt e hedhurinave komunale“; „Selektimi i hedhurinave komunale në Komunën e Ilindenit“, „Mirëmbajtja e rrugëve - mekanizëm për mirëmbajtjen dimërore të rrugëve“.

Banorët e Shtipit përpiluan 8 propozim-projekte në Shtip në forumin që u mbajt më 22 tetor në prani të 120 banorëve, kurse konceptet i dedikohen „Ushqim i shëndetshëm, mjedis të sigurt për fëmijët në kopështet e fëmijëve në Shtip“, „Sallë sportive për nxënës të shëndetshëm“, „Terrene sportive“, „Të krijojmë shkolla të gjelbërta“, „Afrimi kulturor, freskimi social“, „Trim vendkalime“ dhe „Ndryshimi i çatisë“.



# ФОРМИРАНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПОНИКВА“– МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА НА КОЧАНИ И ПРОБИШТИП

Општините Кочани и Пробиштип, со меѓуопштинска соработка, формираа заедничко комунално претпријатие „Пониква“. Ова новоформирано претпријатие, со почетен влог од 10 илјади евра од двете општини, ќе ги опслужува потребите на сноу-борд паркот, што е лоциран во спортско- рекреативниот центар „Поникква“, на Осоговските планини. За работата во ова претпријатие веќе се обучуваат четири лица, кои ќе се грижат за објектите, хигиената, осветлувањето во текот на целата година. Освен сноубορд патеката се комплетираат и придружните објекти и потребната инфраструктура, со цел подготвено пречекување на претстојната зимска сезона во овој туристички центар во Источна Македонија.

За подготовка на патеката е набавен ратрак, моторна санка, четири топови за создавање вештачки снег и друга придружна опрема. Изградена е вештачка акумулација за вода, електроенергетска и водоводна инфраструктура за пренесување на вештачкиот снег. Вкупната инвестиција, во износ од околу еден милион евра, е на компанијата „МЕПСО“. Градоначалникот на Кочани, Ратко Димитровски, најави дека во рамките на проектот се очекува да пристигне уште еден дел од опремата, со што целосно ќе биде заокружен проектот и за ноќно скијање. Во изградба е и патот од одморалиштето на МВР до манастирот „Св. Василиј Велики“, кој ќе се асфалтира со средства од Швајцарската агенција за соработка, преку Форумот во заедниците, што се реализираше со општините Кочани и Пробиштип.



Градоначалникот Димитровски истакна дека преку Источниот плански регион ќе се обезбеди изработка на студија за фекална канализација, а во тек е изработка на техничка документација за двете мали езерца на Арамиска Чешма што ќе бидат основа за квалитетно водоснабдување. Двете општини се залагаат за реализација на проект за современо патно поврзување на сите општини што гравитираат кон Поникква и Осоговијата. Градоначалник на општина Пробиштип, Тони Тоневски истакна дека се лобира изградбата на патот од Турско Рударе до Поникква, во должина од 13,5 километри, да влезе во програмата на Јавното претпријатие за државни патишта за следната година, со што ќе им се овозможи на посетителите од Пробиштип, Кратово, Куманово и Крива Паланка, да патуваат за околу 40 километри на пократок и поквалитетен пат до Поникква.

Љубинка Ајтовска
ПР на општина Кочани

# U FORMUA NDËRMARRJA KOMUNALE „PONIKVA“- BASHKËPUNIM NDËRKOMUNAL I KOÇANËS ME PROBISHTIPIN

Komuna e Koçanës dhe e Probishtipit me bashkëpunim komunal formuan një ndërmarrje të përbashkët komunale „Ponikva“. Kjo ndërmarrje e sapoformuar, me investim fillestar prej 10 mijë euro nga të dyja komunat, do të shërbejë për nevojat e parkut snow-bord, që është i lokalizuar në Qendrën sportive argëtuese „Ponikva“, në malet e Osogovës. Për punën në këtë ndërmarrje tashmë trajnohen katër persona, të cilët do të kujdesen për objektet, higjienën, ndriçimin gjatë gjithë vitit. Përveç vendkalimit të snow-bordit kompletohen edhe objektet shoqëruese edhe infrastruktura e nevojshme me qëllim pritja e përgatitur e sezonit dimëror që vjen në këtë qendër turistike në Maqedoninë Lindore.

Për përgatitjen e vendkalimit u sigurua makinë për pastrimin e dëborës, sajë motorike, katër topa për formimin e dëborës artificiale dhe pajisje tjetër shoqëruese. U ndërtua akumulim artificial për ujë, elektroenergjetikë dhe infrastrukturë ujësjellëse për transportimin e borës artificiale. Investimi i tërësishëm me vlerë prej rreth një milion euro i takon kompanisë „MEPSO“. Kryetari i Koçanës, Ratko Dimitrovski, njoftoi se në suazat e projektit pritet të arrijë edhe një pjesë tjetër të pajisjes me të cilën tërësisht do të jetë i plotësuar projekti edhe për skijim-nate. Në ndërtim është edhe rruga nga pushimorja e MPB-së deri te manastiri „Shën Vasilij Veliki“, i cili do të asfaltohet me mjetet e Agjencisë Zvicerane për Bashkëpunim, nëpërmjet Forumeve në Bashkësi, që u realizua me Komunat e Koçanës dhe Probishtipit.

Kryetari Dimitrovski theksoi se nëpërmjet Rajonit lindor planifikues do të sigurohet përpilimi i studimit për kanalizim fekal dhe është në përpunim dokumentacioni teknik për dy liqenet e vogla në Aramiska Çeshma që do të jenë baza për ujësjellje cilësore. Të dyja komunat përkushtohen për realizimin e projektit për lidhje rrugore bashkëkohore të të gjitha komunave që udhëtojnë drejt Ponikvës dhe Osogovës. Kryetari i Komunës së Probishtipit, Toni Tonevski theksoi se lobohet ndërtimi i rrugës nga Tursko Rudare deri në Ponikvë, me gjatësi prej 13,5 kilometra, të marrë pjesë në programin e Ndërmarrjes publike për rrugë shtetërore për vitin e ardhshëm, me të cilin do t'u mundësohet vizitorëve nga Probishtipi, Kratova, Kumanova dhe Kriva Pallanka, të udhëtojnë për rreth 40 kilometra rrugë më të shkurtër dhe më cilësore deri në Ponikvë.

Ljubinka Ajtovska
PR e Komunës së Koçanës



# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА АКТИВНА ВО КОРИСТЕЊЕТО НА СРЕДСТВА ОД ИПА ПРОГРАМАТА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Општина Гевгелија, во оваа и во минатата година, од ИПА Програмата за прекугранична соработка обезбеди реализација на осум проекти, со вкупна вредност од 1.150.000 евра.

Од средствата за прекуграничната соработка со Република Грција, неодамна заврши реализацијата на проект, во чии рамки, во Гевгелија и во Поликастро, беа отворени бизнис-центри за посредување при вработувањето и за отворање на нови бизниси во пограничниот регион. Во рамките на овој проект беше организиран и трговски саем во Гевгелија и Скотуса.



Овие две земји ќе користат средства во износ од 185.000 евра за проект, преку кој општина Гевгелија ќе изгради одводен канал за атмосферски води во Негорци, чиј капацитет е усогласен со капацитетот на веќе изведениот канал во ова населено место. Со проектот е предвидено каналот да обезбеди максимален проток од 5 м3/сек., и тоа, врз основа на пресметката на сливното подрачје и интензитетот на поројните дождови од 1,78 мм/мин, во наредните 25 години. Партнер во овој проект е регионалниот центар од Пела, во соседна Грција.

Во партнерство со јужниот сосед, Гевгелија користи средства од ИПА фондовите и за реализација на проектот „Промовирање на иновативно претприемништво преку формирање на кластер за ароматични и фармацевтски производи - (INCLUDE )“. На завршната средба, што се организира овој месец, беа претставени проектните резултати,пред реномирани гости како и директорот на Фондацијата за локален и ИТ развој, ФЛОРИТ од Гевгелија, Ристо Атанасовски.

Општина Гевгелија соработува и со општините од Република Бугарија, меѓу другото и за користење на средства од ИПА фондовите за прекугранична соработка. Се реализира проектот „Промоција на одржлив туризам и заштита на животната средина преку партнерство“, каде водечки партнер е општина Разлог од Р. Бугарија. Во рамките на проектот предвидена е изградба на еко-патека на Вардарскиот рид кај Гевгелија, потоа, изработка на каталог на локалната флора и фауна, брошури за заштита на животната средина и еко -туризмот, прекуграничен веб сајт за еко-туризам и заштита на животната средина, како и информативни интерактивни табли крај патеката на Вардарскиот рид. За реализација на овие активности од ИПА-ППС со Бугарија се одобрени 173.838 евра.

Во рамките на проектот „Вмрежување на трансфер на знаење за оддржлив економски развој“, што го реализира Центарот за промоција на претприемништво „Бизнис инкубатор“ од Гоце Делчев, Република Бугарија и Фонда-

# KOMUNA E GJEVGJELISË AKTIVE NË SHFRYTËZIMIN E MJETEVE NGA IPA PROGRAMI PËR BASHKËPUNIM NDËRKUFITAR

Komuna e Gjevgjelisë, në këtë vit dhe atë të kaluarin, nga IPA-Programi për bashkëpunim ndërkufitar siguroi realizim të tetë projekteve me vlerë të plotë prej 1.150.000 euro. Nga mjetet e bashkëpunimit ndërkufitar me Republikën e Greqisë, shumë më parë mbaroi realizimi i Projektit, në suazat e të cilit, në Gjevgjeli dhe Polikastër, u hapën Qendra biznesore për ndërmjetësim gjatë punësimit dhe me hapjen e bizneseve të reja në rajonin kufitar. Në suazat e këtij Projekti u organizua dhe Panairi tregtar në Gjevgjeli dhe Skotusë.

Mjete në vlerë prej 185.000 euro, këto dy vende do të përdorin për Projektin, nëpërmjet të cilit Komuna e Gjevgjelisë do të ndërtojë një kanal të ndarë për ujëra atmosferike në Negorcë, kapaciteti i të cilit përputhet me kapacitetin e kanalit tashmë të ndërtuar në këtë vend të banuar. Me projektin parashikohet që kanali të sigurojë rrjedhje maksimale nga 5 m3/sekondë, dhe kjo, në bazë të llogaritjes së pellgut ujëmbledhës dhe intensitetit të rreshjeve të shiut nga 1,78 mm/min., në 25 vitet e ardhshme. Partner i këtij projekti është Qendra rajonale nga Pela, në Greqinë fqinje.

Në partneritet me fqinjin jugor, Gjevgjelia shfrytëzon mjete nga IPA Fondet edhe për realizimin e Projektit „Promovimi i sipërmarrjes inovative nëpërmjet formimit të grupeve për prodhime aromatike dhe farmaceutike-(INCLUDE)“. Në takimin përfundimtar, që u organizua këtë muaj u prezantuan rezultatet e projektit, kurse fjalime mbajtën kryetari i shoqatës „ERBE Aromatiche“ nga Pankalieri, Itali, Pierro Ferero, përfaqësues i Shoqatës „Mirepsos“ nga Kukushi zonja Katerina Papadopolu, si dhe drejtori i Fondacionit për zhvillim lokal dhe TI, FLORIT nga Gjevgjelia, Risto Atanasovski.

Komuna e Gjevgjelisë bashkëpunon edhe me komunat nga Republika e Bullgarisë, mes cilave edhe shfrytëzimi i mjeteve nga IPA Fondet për bashkëpunim ndërkufitar. U realizua Projekti „Promovimi i turizmit të qëndrueshëm dhe mbrojtja e mjedisit jetësor nëpërmjet partneritetit“, ku partner udhëheqës është Komuna e Razllogut nga Republika e Bullgarisë. Në suazat e projektit parashikohet ndërtimi i eko-vendkalimit në Kodrën e Vardarit në Gjevgjeli, më pas përpilimi i katalogut të florës dhe faunës lokale, broshura për mbrojtje të mjedisit jetësor dhe eko-turizmit, një faqe interneti ndërkufitare për eko-turizëm dhe mbrojtje të mjedisit jetësor, si dhe tabela informuese interaktive përgjatë vendkalimit në Kodrën e Vardarit. Për realizimin e këtyre aktiviteteve nga IPA-PPS me Bullgarinë janë mundësuar 173.838 euro.

Në suazat e Projektit „Rrjetëzimi i transferimit të njohurive për zhvillim ekonomik të qëndrueshëm“, që e realizon Qendra për promovim të sipërmarrjes „Biznes Inkubator“ nga Goce Dellçev, Republika e Bullgarisë dhe

цијата за локален развој „Флорит“ од Гевгелија, беше одржана средба на која учествуваа по дваесет стопанственици од двете општини. Преку овој проект е регистрирана туристичка асоцијација во Гевгелија.

Освен конкретните придобивки што ги добиваат општините-партнери од двете погранични земји, особено е значајно што се воспоставуваат и се развиваат долгорочни партнерства меѓу општините од пограничните региони, што е и една од целите за развивањето на ваквите активности.

Љубчо Алексовски
ПР на општина Гевгелија

Fondacioni për zhvillim lokal „Fllorit“ nga Gjevgjelia, u mbajt takim në të cilin morrën pjesë nga njëzetë sipërmarrës nga të dyja komunat. Nëpërmjet këtij Projekti u regjistrua Asociacioni Turistik në Gjevgjeli.

Përveç përfitimeve konkrete që i fitojnë komunat partnere nga të dyja vendet kufitare, është shumë e rëndësishme që vendosen dhe zhvillohen partneritete afatgjate mes komunave nga rajonet kufitare, që është një nga qëllimet për zhvillimin e aktiviteteve të këtilla.

Ljupço Aleksovski
PR i Komunës së Gjevgjelisë

# ОПШТИНА ВИНИЦА ПРЕЗЕМА АКТИВНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ И НА ВОЗРАСНИТЕ РОМИ

Општина Виница, повеќе години наназад, со поддршка на Roma Education Fund (REF) презема низа активности за дооформување на образованието на возрасните Роми, а истовремено е ангажирана и на поттикнување за поголемо вклучување во образовниот систем на младите претставници од оваа етничка заедница, што живеат на територијата на општината.

Македонските и ромските деца веќе години наназад заедно се вклопуваат во образовниот систем, учејќи македонски и ромски зборови, песни и приказни.... Проектите „Инклузија на деца Роми“ и „Добар почеток“ годинава овозможија бесплатна градинка за педесетина деца од ромските семејства од предучилишна возраст од општината. Децата се распоредени во три групи, а за реализација на овие проекти ангажирани се и три негувателки од ромската етничка заедница. Според директорот Илија Јованов, годинава трошоците за превоз на децата во целост ќе бидат покриени од Проектот на РЕФ. Оваа придобивка Ромските семејства во Виничко ја користат веќе 8 години, а низ процесот на инклузија досега поминале над 200 ромски дечиња.

Паралелно со едукацијата на најмалите, РЕФ го финансираше и проектот за бесплатното образование за возрасни Роми, што се реализираше во СОУ „Ванчо Прке“ во Виница, благодарение на кој, со диплома за средно се стекнаа 23 лица. Стипендија за школување користат осум средношколци.



Градоначалникот на општина Виница, Емил Дончев, вели дека општината и во иднина ќе обезбедува поддршка за образованието на ова население, со цел нивно поголемо вклучување во институциите.

Во општината живеат 1.356 Роми. Основно образование имаат 178 лица, а средно 73 лица. Недооформено средно образование има 31 претставник од оваа заедница. Со завршено високо образование има едно лица, а две лица се на факултет. Вкупно 474 се невработени, а 209 примаат социјална помош.

Македонка Мирева
ПР на општина Виница

# KOMUNA E VINICËS NDËRMERR AKTIVITETE PËR SHKOLLIMIN E TË RINJVE DHE TË RRITURVE ROMË

Komuna e Vinicës, shumë vjet më përpara, me përkrahje nga Roma Education Fund (REF) ndërmerr një sërë aktivitetesh për përfundimin e arsimit të të rriturve Romë dhe njëkohësisht është angazhuar edhe në nxitjen e pjesëmarrjes më të madhe në sistemin arsimor, të përfaqësuesve të rinj nga kjo bashkësi etnike, që jetojnë në territorin e komunës.

Fëmijët maqedonas dhe romë tashmë vite më përpara bashkarisht përputhen në sistemin arsimor, duke mësuar fjalë maqedonase dhe rome, këngë dhe përalla... Projektet „Përfshirja e fëmijëve romë“ dhe „Fillim i mbarë“ këtë vit mundësuan kopësht falas për pesëdhjetë fëmijë nga familjet rome të moshës parashkollore nga komuna. Fëmijët janë të shpërndarë në tre grupe, kurse për realizimin e këtyre projekteve janë të angazhuara edhe tre përkëdhelëse nga bashkësia etnike rome. Sipas drejtorit, Ilija Jovanov, këtë vit shpenzimet për transport të fëmijëve në tërësi do të mbulohen nga Projekti i REF-it. Këtë përfitim familjet rome në rajonin e Vinicës e shfrytëzojnë tashmë tetë vjet, kurse gjatë procesit të përfshirjes deri tani kanë kaluar rreth 200 fëmijë romë. Paralelisht me edukimin e më të vegjëlve, REF e financoi edhe projektin për arsimim falas për të rritur romë, që u realizua në SHMK "Vanço Përke" në Vinicë, falë të cilit diplomë për shkollë të mesme morrën 23 persona. Bursa për shkollim shfrytëzojnë tetë nxënës të shkollës së mesme.

Kryetari i Komunës së Vinicës, Emill Donçev thotë se komuna edhe në të ardhme do të sigurojë përkrahje në arsimimin e kësaj bashkësie, me qëllim përfshirja e tyre sa më e madhe në institucionet.

Në komunë jetojnë 1.356 Romë. Arsim fillor kanë 178 persona, kurse të mesëm 73 persona. Arsim të mesëm të papërfunduar kanë 31 përfaqësues të kësaj bashkësie. Me arsim të lartë të përfunduar ka një person kurse dy persona janë në fakultet. Gjithsej 474 janë të papunësuar, kurse 209 marrin ndihmë sociale.

Makedonka Mireva
PR e Komunës së Vinicës

# ФУДБАЛСКА ШКОЛА НА „ГАЛАТАСАРАЈ“ ВО ГОСТИВАР

# SHKOLLA E FUTBOLLIT „GALATASARAJ“ NË GOSTIVAR



Познатиот фудбалски клуб „Галатасарај“ од Истанбул (Република Турција), наскоро ќе отвори школа за млади фудбалери во Гостивар. Иницијативата потекна од општина Гостивар и на 10 октомври, 2013 година, во Истанбул, беше склучен договор за отворање на оваа престижна фудбалска школа и во нашата земја.

На првата средба, што се одржа во општина Гостивар, меѓу градоначалникот Невзат Бејта и директорот на фудбалската школа, Селим Дурмаз, беше истакнато дека општината ќе ги направи сите потребни подготовки за да може да се обезбедат адекватни услови, со цел отворање на една ваква престижна школа за млади фудбалери. Притоа, градоначалникот Бејта потенцира дека оваа школа се отвора за доброто на младите од општината и земјата, кои го сакаат спортот и имаат талент, со цел квалитетно да се надградуваат и да играат во познати фудбалски клубови, како што е и Галатасарај“. Тој истакна дека општината спроведува и низа проекти, со цел подобрување на инфраструктурните услови за развој на спортот. Од неодамна, како една од десетте општини од земјава, преку програмата „Хетрик“ на УЕФА, се инвестираше во помошниот терен на градскиот стадион во Гостивар, каде се нивелираше површината, беа изградени пешачки патеки покрај игралиштето, и е поставена вештачка трева. Сето тоа придонесе, претставниците на фудбалската школа „Галатасарај“ да се одлучат да дојдат во овој град.



Директорот Дурмаз изрази големо задоволство што општината иницирала заинтересираност за соработка, информирајќи дека целта на школата е во разни балкански земји да отвори вакви школи за млади таленти и дека Гостивар ќе биде успешен пример за тоа. Досега се отворени над 100 вакви школи, од кои 53 во Истанбул, 44 во други турски градови, шест во други држави, меѓу кои: Косово, САД, Холандија, Азербејџан и Австралија, а наскоро планираат отворање на уште 10 школи низ светот.

Иницијативата за отворање на ваква школа во Гостивар, конкретно произлезе од општинскиот советник и поранешен легендарен фудбалер од Гостивар, Арѓент Беќири, кој воедно е и потписник на договорот, заедно со директорот Селим Дурмаз. Во школата ќе може да се запишуваат сите млади кои имаат талент за фудбал и оние кои ќе се обучуваат професионално, а особено стимулативно е што на талентираните ќе им се овозможи кариера во клубот „Галатасарај“. Децата од школата ќе можат да учествуваат на меѓусебни турнири, надвор од земјава, во Турција и пошироко.

Касам Селими
ПР на општина Гостивар

Klubi i njohur i futbollit „Galatasaraj“ nga Stambolli (Republika e Turqisë), së shpejti do të hapë shkollë për futbollistë të rinj, në Gostivar. Iniciativa rrjedh nga Komuna e Gostivarit dhe më datë 10 tetor të vitit 2013, në Stamboll, u nënshkrua marrëveshja për hapjen e kësaj shkolle prestigjoze të futbollit edhe në vendin tonë.

Në takimin e parë, që u mbajt në Komunën e Gostivarit, mes Kryetarit Nevzat Bejta dhe drejtorit të shkollës së futbollit, Selim Durmaz, u theksua se komuna do t'i kryejë të gjitha përgatitjet e domosdoshme me qëllim që të sigurohen kushte adekuate për hapjen e një shkolle të tillë prestigjoze për futbollistë të rinj. Pas kësaj Kryetari Bejta theksoi se kjo shkollë hapet për të mirën e të rinjve nga komuna dhe vendi, që e duan sportin dhe kanë talent, me qëllim që të përmirësohen në mënyrë më cilësore dhe të luajnë për klube të njohura të futbollit, siç është edhe „Galatasaraj“. Ai theksoi se komuna ndërmerr një sërë projekte me qëllim që të përmirësojë kushtet infrastrukturore për zhvillimin e sportit. Së fundmi, si një nga dhjetë komunat nga vendi, nëpërmjet Programit „Hetrik“ të UEFA-s, u investua në terenin ndihmës të stadiumit të qytetit të Gostivarit, ku u nivelua sipërfaqja, u ndërtuan vendkalime përtej sheshit të lojrave dhe u vendos bar artificial. E gjitha kjo rezultoi që përfaqësuesit e shkollës së futbollit „Galatasaraj“ të vendosin të vijnë në këtë qytet.

Drejtori Durmaz, shprehu kënaqësi të madhe që komuna inicioi interes për bashkëpunim, duke informuar se qëllimi i shkollës është që në vende të ndryshme të ballkanit të hapë shkolla të këtilla për talente të reja dhe se Gostivari do të jetë shembull i suksesshëm për këtë. Deri tani janë hapur mbi 100 shkolla të këtilla, nga të cilat 53 në Stamboll, 44 në qytete të tjera turke, gjashtë në shtete të tjera, mes cilave Kosova, SHBA, Holanda, Azerbejxhani dhe Australia dhe së shpejti planifikojnë hapjen e 10 shkollave të tjera rreth botës.

Iniciativa për hapjen e një shkolle të këtillë në Gostivar, konkretisht doli nga këshilltari komunal dhe futbollisti i mëparshëm legjendar nga Gostivari, Argjend Beqiri, i cili njëkohësisht është nënshkrues i marrëveshjes, bashkë me drejtorin Selim Durmaz. Në shkollën do të mund të regjistrohen të gjithë të rinjtë që kanë talent për futboll dhe ata që do të trajnohen profesionalisht dhe veçanarisht stimuluese është se të talentuarve do t'u mundësohet karrierë në klubin „Galatasaraj“. Fëmijët nga shkolla do të mund të marrin pjesë në turne jashtë vendit, në Turqi dhe më gjerë.

Kasam Selimi
PR i Komunës së Gostivarit





**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - BNJVL**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska 5, P.N. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk